Врз основа на член 25 од Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.01-630/1 од 10.06.2019 година и член 6 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 07.06.2021 година донесе

# ПРАВИЛА

## за пристап до сервер салата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

### Цел

### Член 1

Овие Правила имаат за цел да го дефинираат начинот на пристап до сервер салата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија), како и начинот на евиденција на реализираните пристапи до истата.

### Правила за пристап во сервер салата

### Член 2

Сервер салата во Комисијата е сместена во посебно наменета заклучена просторија во седиштето на Комисијата на ул.Македонија бр.25 кат 4. Просторијата е со обезбедени посебни услови за климатизација на воздухот, детектори за откривање на пожар и заштита од поплава.

Пристап до сервер салата на Комисијата им е овозможен на следните лица:

- Неограничен пристап е дозволен само на овластено лице за пристап или на администраторот на иформациските системи кој е вработен во Комисијата;
- На вработените/ангажираните лица во Комисијата им се забранува пристап до сервер салата;
- На надворешни лица по потреба им се овозможува пристап до сервер салата само со дозвола и присуство на овластено лице или администраторот на информациските системи и тоа во случај на: сервисирање на серверската опрема што се наоѓа во сервер салата (сервери, storage, UPS, и друга мрежна опрема) или на клима уредите поставени во сервер салата, инсталација на нова серверска опрема во сервер салата, стандардно одржување (тестирање) на серверската опрема, инсталација и сервисирање на телефонска централа која се наоѓа во сервер салата, инсталација и сервисирање на системот на евиденција на вработени кој се наоѓа во сервер салата, како и пристап на овластени лица при вршење на различни типови на инспекциски надзор во Комисијата.

**Евиденција за пристап во сервер салата**

**Член 3**

Евиденцијата на пристап во сервер салата се води во хартиена форма, со пополнување на образецот „Образец ОПСС – Пристап во сервер сала" кој е составен дел на овие Правила.

Образецот е поставен на влезот (на вратата) на сервер салата и секој кој пристапува во сервер салата треба да се евидентира соодветно.

После пристапот во сервер салата таа се заклучува.

**Дисциплински последици**

**Член 4**

Непостапувањето и непридржувањето на вработените/ангажираните лица во Комисијата во согласност со овие Правила претставува основ за изрекување на мерки на дисциплинска одговорност.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 5**

Со денот на донесување на овие Правила престанува да важи Одлуката за условите и пристапот до сервер салата на Комисијата за хартии од вредност бр.03-929/1 од 05.09.2019 година.

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите ќе се објават на огласна табла во Комисијата.

**Број 03-432/1**
**Скопје 07.06.2021 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**

**Образец ОПСС - Пристап до сервер сала**

## Образец
## за евиденција на пристап во сервер салата на Комисијата

| Р.бр. | Датум на пристап | Време на пристап (од-до) | Име и презиме на лицето кое пристапило | Потпис | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |